**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Градоначалник на Град Скопје |
| ИЗГОТВУВАЧ: | Сектор за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија и фондации |
| ПРЕТСТАВНИК: | Секретар на Град Скопје |
| ПОВЕРЕНИК: | Претставник од Сектор за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија и фондации |

**ПРЕДЛОГ - О Д Л У К А за изменување на Одлуката за пренесување на правото на сопственост на 6 (шест) автобуси со компримиран природен гас (CNG) на ЈСП Скопје - Скопје**

**Скопје, декември 2024 година**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36, а во врска со член 65 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ број 5/02 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/24), Советот на Град Скопје на ___________ седница, одржана на _____ 2024 година, донесе

**О Д Л У К А за изменување на Одлуката за пренесување на правото на сопственост на 6 (шест) автобуси со компримиран природен гас (CNG) на ЈСП Скопје - Скопје**

Член 1

Во Одлуката за пренесување на правото на сопственост на 6 (шест) автобуси со компримиран природен гас (CNG) на ЈСП Скопје – Скопје, („Службен гласник на Град Скопје“ број 14/24), во член 1 во табеларниот приказ кај автобус број 1, бројот на шасија NMC320LGBLBE00038 се менува со бројот на шасија NMC320LGBLBE00044.
Во табеларниот приказ кај сите автобуси од број 1 до број 6, бојата на каросерија „сина“ се менува со „црвена“.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број _______
___________ 2024 година
С к о п ј е

**С О В Е Т  Н А  Г Р А Д  С К О П Ј Е**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Трајко Славески**

**Образложение**

Со член 36, од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ број 5/02 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/24), утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје. Со член 65 од истиот Закон е утврдено дека јавните служби основани од општината се нејзина сопственост.

Град Скопје и УНОПС на ден 06.08.2024 година потпишаа Меморандум за разбирање со кој се согласија заедно да работат на проект кој има за цел подобрување на јавниот превоз. Донацијата од УНОПС се состои од 6 (шест) автобуси со компримиран природен гас (CNG), со цел подобрување на јавниот превоз на жителите на град Скопје.

Од страна на донаторот УНОПС до Град Скопје беше доставено барање за донација каде што е направен превид со гореизнесените измени, односно бројот на шасија за еден автобус не одговара целосно со документацијата добиена при испорака како и бојата.

Согласно гореизнесеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за изменување на Одлуката за пренесување на правото на сопственост на 6 (шест) автобуси со компримиран природен гас (CNG) на ЈСП Скопје – Скопје.